# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# 2021



Еко-свест

# СОДРЖИНА


3 ВОВЕД

4 КРАТОК ОПИС НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2021 ГОДИНА

4 1. Заедниците за праведна транзиција

5 2. Промовирање на енергетска транзиција во Северна Македонија

6 3. Граѓанските организации во акција за климатските промени, подржан од СИДА

7 4. Зелена економија за развој на регионот

7 5. Да зборуваме за климатските промени

9 6. Останете безбедни, проговорете јавно

10 7. Национална кампања за негативното влијание на малите хидроцентрали "Да ги спасиме нашите реки"

11 8. Заштитени подрачја за природата и луѓето, спроведуван преку WWF Adria, финансиски поддржан од СИДА

12 9. Изнаоѓање решенија за употреба на енергетски ресурси со ниско влијание врз природата во Северна Македонија

13 10. Граѓанска наука во функција на заштита на биодиверзитетот, финансиран од PONT и CEPF

13 11. Зајакнување на улогата на ГОи во донесување на одлуки преку застапување за воспоставување на Фонд за животна средина, финансиран од ГЕФ програма за мали грантови

14 12. Подигање на свесноста за праведна транзиција и обновливи извори на енергија, како решенија за напуштање на јагленот, финансиран од Европската коалиција за клима

15 АКТИВНОСТИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ И ЧЛЕНСТВО

15 Соработка со CEE Bankwatch Network

16 НАШИТЕ АНАЛИЗИ И ПУБЛИКАЦИИ ВО 2021 ГОДИНА

17 НЕЗАВИСЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2021 ГОДИНА

20 КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

# ВОВЕД

Почитувани партнери и пријатели, драги донатори,

Иако 2021 година донесе предизвици на многу полиња, за Еко-свест беше успешна година. Во време на неизвесност и работа на далечина, успеавме да ја завршиме годината со проширено проектно портфолио и нови членови на тимот, подготвени да ја продолжиме нашата одлична работа и во 2022 година.

Најголемата вредност во Еко-свест е градењето на капацитетите на тимот и вложувањата во соработниците. Во тој дух, 2021 година ја завршивме со 11 вработени и проектно портфолио кое опфаќа 13 проекти, од кои повеќето долгорочни. Исто така, ја проширивме групата на надворешни експерти со кои работиме, за да ја пренесеме нивната експертиза и да ги засилиме нашите пораки и кампањи.

Како една од најкредибилните организации во секторот животна средина, продолживме со нашата проактивна улога како организација која соработува со заедниците, како и со локалните и државните институции, никогаш не заборавајќи на главната цел – живот во хармонија со природата. Нашата главна улога е да останеме будни во заштитата на нашата животна средина додека се залагаме за одржливи политики и трансформирање на енергетскиот сектор; водење кампањи и информирање на јавноста врз основа на факти, така што носителите на одлуки и релевантните институции можат да носат информирани и научно засновани одлуки за најдобар интерес на граѓаните и природата.

Оваа година беше извонредна за нас бидејќи Еко-свест започна со имплементација на стратешки тригодишен проект финансиран од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка - СИДА и владата на Шведска. Проектот „Граѓанските организации во акција за климата", со буџет од 1,2 милиони евра, ќе обезбеди директна локална поддршка во секторот животна средина преку стимулирање на локалните граѓански организации да се вклучат во локални климатски акции и проекти, правејќи промена во сопствените заедници.

Тимот на Еко-свест учествуваше на многу локални, национални и меѓународни конференции и активности за вмрежување и имаше активен придонес во развојот на мрежите и коалициите кои се иницирани или воспоставени од Еко-свест. Зајакнувањето на Коалицијата за клима и нејзиниот ангажман во процесите на донесување одлуки во овој домен ќе продолжи и во 2022 година.

Во 2021 година Еко-свест ја продолжи долгорочната соработка со CEE Bankwatch Network, WWF Adria, Climate Action Network Europe, European Climate Foundation и Амбасадата на САД и започна нова соработка со Euronatur Foundation, Prespa Ohrid Nature Trust и Critical Ecosystem Partnership Fund. The Nature Conservancy, Sigrid Rausing Trust и Sida. Благодарни сме и привилегирани што овие успешни партнерски организации и донатори ја поддржуваат нашата работа за заштита на природата, трансформација и декарбонизација на нашето општество.

Како што ја завршивме 2021 година со три активни кампањи за подигање на свеста, осум тековни проекти и многу повеќе активности за застапување и вмрежување со локалните и националните власти, со нетрпение ја очекуваме нашата 20-годишнина во 2022 година. Нашата визија „да живееме во праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина", останува движечка сила во нашето секојдневие и професионален ангажман.

Ана Чоловиќ Лешоска
Извршна директорка

# КРАТОК ОПИС НА РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ ВО 2021 ГОДИНА

## 1. ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА

Овој проект беше насочен кон зајакнување на заедниците и подготовка на теренот за успешен почеток на процесот на праведна транзиција во Кичевскиот Регион. Затоа, од почетокот на јануари до крајот на ноември 2021 година Еко-свест активно работеше со локалните заедници во Кичевско за да ги зголеми нивните капацитети и да ги поддржи во формирање на задруги за одржливи извори на енергија (ОИЕ). Исто така, ги мапиравме релевантните засегнати страни и воспоставивме добра комуникација со претставници од општинскиот совет, регионалната стопанска комора и малите локални зелени бизниси. Понатаму, преку јавна кампања за важноста на климатските активности и праведната транзиција на локално ниво, работевме на дополнително покревање на свеста за важноста на локалните заедници во процесот на праведна транзиција. Така, во текот на проектот се реализираа следните активности: работилници за градење на капацитети за локалните заедници, Саем на праведна транзиција



МИА

ПОЧЕТНА МКД СВЕТ БИЗНИС КУЛТУРА ХРОНИКА СПОРТ ФОТО ВИДЕО ТИКЕР КОНТАКТ ИЗБОРИ

Прв „Кичево одржливо Експо“, во организација на „Еко свест“

Во организација на Здружението „Еко свест“ денеска во Кичево се одржа првиот „Кичево одржливо Експо“. На настанот присуствуваа граѓани и локални бизнисмени, меѓу кои и млади грнчари со долго искуство од Вранештица, изработувачи на златен накит од Хоуп, додека уметникот Тео Герасимоски ги претстави своите дела од еко-материјали, а Зоран Илиески дела изработени од старо железо.






во Кичево, изработка на детален план за поставување на фотоволтаици на покривот на центарот на заедницата во с. Белица. Главниот заклучок од проектот е дека одржувањето блиска комуникација со локалните заедници останува една од најважните препораки со цел обезбедување на нивно учество во

процесот на праведната транзиција. Сепак, исто така е многу важно да се унапреди нивниот капацитет и знаења за ОИЕ и учество на јавноста во донесувањето одлуки.

## 2. ПРОМОВИРАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ТРАНЗИЦИЈА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Целта на овој проект беше да осигура дека енергетската транзиција во државата е праведна, преку обезбедување на широко учество во планирањето на праведната транзиција, застапување и покривање на свеста за праведна транзиција од јаглен со цел заштита на климата. Фокусот на Еко-свест за време на овој проект беше насочен кон „Зголемување на капацитетите и поддршка на кампањите на групите членки и партнерите против јагленот, како и градење на случајот за изнаоѓање на алтернативни решенија" и „Подобрување на транспарентноста на целните институции (ЕБОР, ЕИБ) со решавање на слабостите во барем една од нив".
Така, сите овие процеси и произведени документи ќе се користат понатаму за обликување на националниот процес на праведна транзиција според препораките што доаѓаат од локалното население во регионите на јаглен.

### ГЛАВНИ АКТИВНОСТИ КОИ БЕА СПРОВЕДЕНИ СЕ СЛЕДНИТЕ

- Мапирање на засегнатите страни за праведна транзиција
- Национална платформа за праведна транзиција
- Позиционен документ за праведна транзиција во земјата
- Експертска тркалезна маса за праведна транзиција
- Кампања за праведна транзиција

Проектот се спроведуваше од 1 јануари до 31 декември 2021






# 3. ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО АКЦИЈА ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ“

Овој тригодишен проект кој започна да се спроведува во втората половина на 2021 година, преставува еден од стратешките за Еко-свест затоа што претставува начин за отпочнување на повеќегодишна соработка со Шведската агенција за меѓународна соработка- СИДА.






Главна цел на проектот е да промовира силно и енергично граѓанско општество, кое игра значајна улога во процесот на декарбонизација, трансформација и обнова на општеството, што резултира со чиста животна средина, зелена економија и здрави граѓани на Северна Македонија. Преку овој проект Еко-свест во соработка со Македонското здружение на млади правници и Организацијата за поврзување на природни вредности и луѓе – ЦНВП ќе работат на зајакнување и поттикнување на граѓанското општество да се вклучи во процесот на донесување на одлуки и преземање на локални акции, притоа работејќи на јакнење на нивните капацитети, знаења и вештини и обезбедувајќи ги потребните ресурси за оваа работа. Овој проект ќе изврши и зголемување на свесноста за можностите за економија со низок јаглерод и зелена трансформација и креирање на јавен притисок на институциите за да се обезбеди овој развој преку промена на политики и програми. Особено значајна компонента на проектот ќе биде промовирањето на локална соработка меѓу општините, граѓаните и организациите, а преку проектот ќе се изврши регрантирање на околу дваесет локални организации, кои ќе може да аплицираат во Програмата за грантови.

# 4. ЗЕЛЕНА ЕКОНОМИЈА ЗА РАЗВОЈ НА РЕГИОНОТ

Овој проект се спроведува во партнерство помеѓу Еко-свест и голем број граѓански организации од регионот (5-FORS - Црна Гора, СМарт Колектив-Србија, EDEN Центар-Албанија, Центар за развој и поддршка - Босна и Херцеговина, Здружение SLAP-Хрватска) и е фокусиран на подигање на свеста и едукација за зелената економија. Во текот на 2021 година, Еко-свест организираше серија тркалезни маси и јавни настани фокусирани на зелената економија и вклученоста на бизнисите во развојот на овој концепт во земјата. Беше спроведена и јавна кампања, а беа објавени и два нови едукативни материјали. Последната конференција на тема зелена економија и клима се одржа во јуни. Проектот официјално заврши на 31 август 2021 година.



Фотографија од одржана Регионална конференција за зелена економија и клима која се прикажуваше во живо на Facebook и YouTube и беше проследена од над 1000 гледачи.

# 5. ДА ЗБОРУВАМЕ ЗА КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ

„Да зборуваме за климатските промени" е проект кој што Еко-свест го спроведуваше во соработка со ЦНВП Македонија и Движењето на екологистите на Македонија (ДЕМ), а чија имплементација заврши во април 2021 година. Главна цел на проектот беше да се зајакнат капацитетите на организациите во носењето одлуки поврзани со ЕУ агендата, односно пристапните преговори со ЕУ поврзани со климатските промени. Дополнително, целта на проектот е да се зајакнат капацитетите и отчетноста на организациите за застапување и спроведување на подигање на свеста насочена кон влијанието на климатските промени и начините за напредување.

Во рамките на проектот беа спроведени 15 тренинг работилници на кои учество зедоа над 50 претставници од граѓанскиот сектор, како и новинари и социјални „инфлуенсери".

Значајна компонента во рамките на проектот беше и програмата за регрантирање на организациите, преку која беа доделени 10 локални грантови. Преку проектот беа организирани и редовните средби на Коалицијата за клима, каде учество земаа над 100 различни претставници од граѓанските организации. Во таа насока, преку овој проект се формираше националната Коалиција за клима, како независно тело со сопствено седиште (секретаријат) и изработени стратешки и акциски план.

Како резултат на овој проект, десет нови организации во овој период работат на прашања и теми поврзани со климатските промени во државата. Проектот придонесе и за навремено и широкопојасно информирање на јавноста и различните целни групи и релевантните чинители, за што беа продуцирани четири видеа, беше изработен документарен филм, како и три радио реклами. За проектните активности беа објавени и околу 300 различни написи и вести на националните медиуми и различни портали, а со помош на социјалните медиуми околу 1 милион луѓе беа сензибилизирани и информирани за овој проект.











## 6. ОСТАНЕТЕ БЕЗБЕДНИ, ПРОГОВОРЕТЕ ЈАВНО

Проектот се спроведуваше во соработка со партнерски граѓански организации од СЕЕНЕТ мрежата во регионот на Западен Балкан, предводени од Центарот за животна средина од Босна и Херцеговина, финансиран од СИДА преку БЦСДН, и беше фокусиран на подигање на свеста за човековите права и слободата на изразување на бранителите на животната средина. Во рамки на проектот беше спроведена компаративна правна анализа со студии на случаи, во која е даден детален преглед на националното законодавство во однос на заштитата на правата на активистите, заедно со голем број случаи на прекршување на човековите права во земјата. Студијата дава јасни насоки за активистите во идни случаи на прекршување на нивните права. За да се подигне свеста за кршењето на човековите права на еколошките активисти, беше продуциран и емитуван документарен филм во кој се опфатени студии на случај со кои јасно се прикажуваат состојбите и заедничките проблеми со кои се среќаваат активистите во регион на Западен Балкан. Исто така беа спроведени и работилници за градење на капацитетите на граѓанските организации и активистите во практичното спроведување на законските мерки за одбрана на нивните човекови права според националното законодавство. Промотивната кампања на социјалните медиуми и акциите за застапување со националните чинители придонесоа во голема мера за подигање на свеста и прифаќањето на позицијата на бранителите на животната средина во регионот на Западен Балкан.

# 7. НАЦИОНАЛНА КАМПАЊА ЗА НЕГАТИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА МАЛИТЕ ХИДРОЦЕНТРАЛИ “ДА ГИ СПАСИМЕ НАШИТЕ РЕКИ“



Со цел подигање на јавната свест за негативните влијанија од развојот на хидроенергетските проекти во земјава, со посебен фокус на малите хидроцентрали, во периодот од декември 2021 година до февруари 2022 година беше дизајнирана и спроведена јавна кампања за подигање на свеста на населението. Кампањата имаше три главни цели: да ја посочи неопходноста од укинување на субвенциите за малите хидроцентрали, врз основа на претходно спроведената економска студија; да ја зајакне правната рамка и мониторингот на спроведување на Законот за води, преку соработката со институциите и инспекторатот, и да даде директна поддршка на локалните заедници кои се борат против изградбата на малите хидроцентрали. Реализацијата на кампањата се одвиваше преку телевизиски емитувања и гостувања, објави на социјалните мрежи, панел дискусии со релевантните засегнати страни, како и директна комуникација со локалните заедници погодени од изградбата на малите хидроцентрали.

За спроведување на кампањата, беа креирани различни средства за комуникација: краток документарен филм, ТВ спот, кратки видеа, како и постови за социјалните медиуми. Телевизиската кампањата се одвиваше на три национални и десет локални телевизии и достигна 950.000 прегледи од страна на 400.000 гледачи. Кампањата на социјалните медиуми успеа да досегне до 3.750.000 гледачи и да добие 666.000 видео прегледи. Покрај ова, 4.500 граѓани ја потпишаа онлајн петицијата, поддржувајќи ја иницијативата за укинување на субвенциите за малите хидроцентрали.

НЕКА ТЕЧЕ, НЕКА ЖИВЕЕ

# 8. ЗАШТИТЕНИ ПОДРАЧЈА ЗА ПРИРОДАТА И ЛУЃЕТО, СПРОВЕДУВАН ПРЕКУ WWF ADRIA, ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАН ОД СИДА




Во текот на 2021 година Еко-свест организираше неколку тркалезни маси со голем број засегнати чинители со цел да се дискутира за предизвиците во практиките и политиките за заштита на природата. Препораките од овие тркалезни маси беа усвоени од вклучените засегнати страни и се основа за идни подобрувања на политиките. Во текот на годината беше спроведена јавна кампања со различни производи и во партнерство со Министерството за животна средина. Преку кампањата беа комуницирани информативни и едукативни видеа, објави и написи за важноста од заштита на нашите природни вредности и биодиверзитет. Беа одбележани и главните денови за заштита на природата, биодиверзитетот и парковите. Иницијатива за стопирање на усвојувањето на предлог-законот за утврдување на статусот на диви градби беше поднесена до Претседателот на Северна Македонија од над 30 организации, што резултираше со спречување на усвојувањето на оваа верзија на законот, која доколку беше усвоена ќе имаше големо негативно влијание врз заштитените подрачја.

Во текот на годината, Еко-свест беше вклучен во повеќе процеси за донесување планови за управување, закони за прогласување заштитени подрачја и друго релевантно законодавство (како што е Законот за води) со цел да го поддржи транспонирањето на Директивите на ЕУ во националното законодавство и подобри практики за управување со заштитените подрачја на национално ниво. Двајца грантисти беа поддржани преку проектот да ги следат нелегалните практики на Шар Планина (ЦЕД) и Јабланица и Галичица (Натура МК). Проектот продолжува да се спроведува и во 2022 година.



# 9. ИЗНАОЃАЊЕ РЕШЕНИЈА ЗА УПОТРЕБА НА ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ СО НИСКО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПРИРОДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во рамките на партнерството воспоставено со The Nature Conservancy и Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Еко-свест започна проект за паметно планирање на енергијата со цел да се забрза развојот на сончевата и ветерната енергија во земјата и да се одговори на поставените цели. Во амбициозната енергетска стратегија усвоена во 2019 година, Академијата вршеше анализа за да го идентификува енергетскиот потенцијал на проектите кои би биле поставени на деградирано земјиште како што се напуштени рудници и каменоломи, а Еко-свест изврши длабинска анализа на засегнатите страни. Преку јавна анкета на репрезентативен број граѓани и неколку фокус групи, Еко-свест успеа да ги добие мислењата на различни чинители во процесот и принципите на примена на паметното енергетско планирање. Целта на проектот е да се идентификуваат идеални локации за развој на сончева и ветерна енергија без негативно влијание врз природните и заштитените подрачја, локалните заедници и земјоделското земјиште.
Проектот продолжува во 2022 година.






# 10. ГРАЃАНСКА НАУКА ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ, ФИНАНСИРАН ОД PONT И CEPF

На крајот од 2021 година Еко-свест во партнерство со Натура МК започна проект во Споменикот на природа „Вевчански извори" за интегрирање на граѓанската наука во мониторингот на значајните шумски заедници во подрачјето. Преку користење на апликацијата iNaturalist, Еко-свест и Натура МК, заедно со локалното население и посетителите ќе идентификуваат и мапираат видови на територија на подрачјето со цел генерирање податоци кои во иднина можат да послужат за анализи и планови кои ќе ги спроведе управителот на заштитеното подрачје, согласно планот за управување. Проектот трае до јуни 2022 година до кога се планирани низа теренски посети и обуки, како и подготовка и дистрибуција на низа едукативни материјали и упатства за работа.



# 11. ЗАЈАКНУВАЊЕ НА УЛОГАТА НА ГОи ВО ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКИ ПРЕКУ ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА ФОНД ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ПОДДРЖАН ОД ГЕФ ПРОГРАМА ЗА МАЛИ ГРАНТОВИ

Проектот „Зајакнување на улогата на граѓанското општество" во донесувањето на одлуки преку застапување за воспоставување на Фонд за животна средина" во својот фокус има предлагање на решение за воспоставување на Фонд за животна средина и консултирање на истото со релевантните чинители. Во таа насока, изработена е студија од релевантен експерт и истата е консултирана со работна група на релевантни чинители во повеќе наврати и се направени повеќе активности за застапување за формирање на ваков фонд. Дополнително, за да се осигура притисок од повеќе насоки, проектот има и компонента насочена кон јавноста преку кампања која се спроведува преку традиционалните и преку социјалните медиуми.







# 12. ПОДИГАЊЕ НА СВЕСНОСТА ЗА ПРАВЕДНА ТРАНЗИЦИЈА И ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КАКО РЕШЕНИЈА ЗА НАПУШТАЊЕ НА ЈАГЛЕНОТ, ФИНАНСИРАН ОД ЕВРОПСКАТА КОАЛИЦИЈА ЗА КЛИМА

Проектот „Подигнување на свесноста за праведна транзиција и обновливи извори на енергија како решенија за напуштање на јагленот“ е дел од енергетското портфолио и е фокусиран на подигнување на свесноста за праведната транзиција од јаглен, како и воведување на праведната транзиција во политиките и нудење решенија за енергетската зависност од јагленот. Дополнително, проектот ја следи и темата на Зелената Агенда за Западен Балкан и случувањата поврзани со неа, вклучително и застапување за вклучување на Зелената Агенда во националните стратегии, законодавство и политики. Проектот претежно се состои од застапување за енергетски прашања и прашања поврзани со праведната транзиција пред релевантните донесувачи на одлуки, а како дел од проектот се изработени и студија за поставување на панели во Битола, а исто така се преведени и стриповите од серијата Тим



ЕКО на јазиците од регионот на Западен Балкан. Тим ЕКО е издаден и на англиски јазик. Спроведување на овој проект продолжува до 31 јули 2022 година.

# АКТИВНОСТИ ЗА ВМРЕЖУВАЊЕ И ЧЛЕНСТВО

## СОРАБОТКА СО МРЕЖАТА НА ЦЕНТРАЛНА И ИСТОЧНА ЕВРОПА – BANKWATCH

Членството на Еко-свест во мрежата Bankwatch е скоро 20 години, уште од почетокот на нашата организација и истото е од големо значење за нашата работа, поврзано со еден од нашите главни фокуси во работата како што е следењето на квалитетот на воздухот и аерозагадувањето.




Давор Пехчевски, кој како проектен координатор на Еко-свест работи за потребите на Bankwatch мрежата продолжи со својот ангажман како  Регионален координатор за квалитет на возхудот во Западен Балкан, позиција која ја започна во 2018 година.
По речиси цела година помината во следење на квалитетот на воздухот (25.10.2020 - 15.09.2021) и активно вршење мониторинг на загадувањето со PM10, PM2.5, SO2, NO2, CO и O3,  истата е завршена во Новаци кај РЕК Битола, обезбедувајќи огромни количини на важни податоци. Осуммесечниот  период на вршење на активно мониторирање на аерозагадувањето во периодот од јануари до август 2021 година, беше искористен за подготовка на анализа на влијанието врз здравјето на луѓето (официјално објавена во 2022 година).



CEE Bankwatch Network | Frank Bold | LEGAL ANALYSIS | 17 DECEMBER 2021

**Recommendations for inclusion of the Air Quality and National Emissions Ceilings Directives in the Energy Community Treaty**

For more information:

**Davor Pehchevski**
Balkan Air Pollution Campaign Coordinator
CEE Bankwatch Network
davor@bankwatch.org

Author of the analysis:

**Mgr. Eliška Beranová**
Environmental and Energy Lawyer
Frank Bold Society
eliska.beranova@frankbold.org

**1. Introduction**

The Treaty on the Establishment of the Energy Community (hereinafter referred to as the **'Energy Community Treaty'**) is an international treaty which provides for the creation of an integrated energy market (electricity, oil and gas) between the EU and the Contracting Parties. The Contracting Parties are the non-EU states located mostly in southeast Europe, namely Albania, Bosnia and Herzegovina, Georgia, Kosovo, North Macedonia, Montenegro, Moldova, Serbia, and Ukraine (hereinafter referred to as **'Contracting Parties'**).

The principal objective of the Energy Community Treaty is to implement part of the EU legislation (the *acquis Communautaire*) into the legal order of the Contracting Parties for improved integration of the energy markets. Namely, the Energy Community Treaty focuses on implementing *acquis* on energy, environment, competition and renewable energy. For the purpose of this analysis, attention is focused primarily on the *acquis* relating to the environment.

This analysis examines the legal options for implementing Directive 2008/50/EC of the European Parliament and of the Council of 21 May 2008 on ambient air quality and cleaner air for Europe (hereinafter referred to as the **'AQ directive'**), and Directive (EU) 2016/2284 of the European Parliament and of the Council of 14 December 2016 on the reduction of nation al emissions of certain atmospheric pollutants, (hereinafter referred to as the **'NEC directive'**) into the Energy Community Treaty, so that air pollution from coal power plants, as well as from other power plants using fossil fuels, can be reduced in the Contracting Parties' territories.

Во текот на минатата година беше изработена и правна анализа со која се анализираат правните аспекти согласно Директивата за квалитетот на воздухот и предвидените национални прописи за висината на емисиите на загадување на воздухот, кои треба да бидат вклучени во правната рамка на Договорот за енергетската заедница, која исто така ја разгледува оваа регулатива и напорите за декарбонизација, на потписничките на Договорот.
Иницијативата Региони со чист воздух во рамки на енергетската заедница беше воспоставена во текот на минатата година, во чии рамки дванаесет градови од регионот на Западен Балкан подготвуваат планови за квалитетот на воздухот.

# НАШИТЕ АНАЛИЗИ И ПУБЛИКАЦИИ ВО 2021 ГОДИНА






























# НЕЗАВИСЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2021 ГОДИНА

**Здружение ЕКО-СВЕСТ Скопје**

**Приходи за спроведување на проекти, донации, членарини, и услуги, до 31 декември 2021**

| | | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од проекти | 4;3.1 | 37,365,637 | 15,505,069 |
| Приходи од членарини | 4;3.1 | 4,440 | - |
| Приходи од услуги | 4;3.1 | - | 23,932 |
| Други приходи | 4;3.1 | 595,221 | 143,222 |
| Финансиски приходи | 5;3.2 | 121,500 | 26,451 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од предходната година | | 7,753,287 | 12,009,091 |
| | | **45,840,085** | **27,707,765** |
| **Трошоци** | | | |
| Оперативни расходи | 6;3.1 | (17,070,748) | (11,438,158) |
| Трошоци за персоналот | 7;3.1 | (8,798,935) | (7,016,549) |
| Капитални расходи | 8;3.1 | (1,514,219) | (1,443,336) |
| Финансиски расходи | 5;3.2 | (44,118) | (56,435) |
| | | **(27,428,020)** | **(19,954,478)** |
| **Вишоци од приходи и расходи трансферирани од предходнота година, пред оданочување** | 12 | **18,412,065** | **7,753,287** |
| Данок на доход | 3.3 | - | - |
| Вишоци од приходи и расходи за тековната година | | **18,412,065** | **7,753,287** |

**Приходи за спроведување на проекти, донации, членарини, и услуги, до 31 декември 2021**

| | | 2021 | 2020 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Материјални и нематеријални средства | 9;3.4 | **2,837,251** | **2,136,393** |
| **Тековни средства** | | | |
| Парична готовина | 10;3.5 | 18,537,880 | 7,774,265 |
| Други побарувања | 11 | 18,054 | - |
| **Вкупно тековни стредства** | | **18,555,934** | **7,774,265** |
| **Вкупни стредства** | | **21,393,185** | **9,910,658** |
| **Приходи и обврски** | | | |
| **Приходи** | | | |
| Деловен фонд | 12 | 2,837,251 | 2,136,393 |
| **Вкупно приходи** | | **2,837,251** | **2,136,393** |
| **Тековни обврски** | | | |
| Други обврски | 13 | 143,869 | 20,978 |
| Вишоци од приходи и расходи | 13 | 18,412,065 | 7,753,287 |
| **Вкупни тековни обврски** | | **18,555,934** | **7,774,265** |
| **Вкупни приходи и расходи** | | **21,393,185** | **9,910,658** |

Следниот дел од извештајот е составен дел од вкупниот финансиски извештај

Наведениот финансиски извештај е одобрен од страна на менаџментот на организацијата на 18 Март, 2022

**Ана Чоловиќ Лешоска**
Извршна директорка

## ПРИХОДИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТИ, ДОНАЦИИ, ЧЛЕНАРИНИ И УСЛУГИ

| | Во денари | |
|---|---|---|
| | Завршна година Декември 31, | |
| | **2021** | **2020** |
| **1. Проекти** | | |
| Зачувајте го синото срце на Европа (Blue Heart Campaign) во партнерство со Фронт 21/42 (Front 21/42) | - | 222,238 |
| PA4NP преку WWF Адриа (WWF Adria) | 2,059,984 | 2,963,828 |
| Проект за праведна транзиција од CAN Europe-Europe Beyond Coal | 524,405 | 178,743 |
| Европска Климатска Фондација ЕЦФ (European Climate Foundation ECF) | 1,737,550 | 1,751,885 |
| Европска Климатска Фондација - ФФФ (European Climate Foundation- FFF) | - | 344,410 |
| ЕЕБ Трансфери за покривање на патни трошоци (EEB Transfers for covering travel costs) | - | 29,692 |
| Активности на мрежата CEE Bankwatch Network | 1,567,338 | 1,904,065 |
| CEE Bankwatch Network – мали грантови од СИДА (SIDA) | 1,695,902 | 803,565 |
| Делегација на Европската унија во Северна Македонија | - | - |
| Проект 'Да зборуваме за климатските промени' | - | 2,802,112 |
| Делегација на Европската унија – Проект за декарбонизација | - | 2,760,166 |
| ГЕАР (GEAR) проект преку FORS Црна Гора | - | 1,449,833 |
| Соработка со DUH на NOx мерења | - | 294,532 |
| Балканска зелена фондација | 246,420 | - |
| Sigrid Reusing Trust | 5,331,523 | - |
| ГОи во акција за климатските промени, поддржан од СИДА | 18,065,400 | - |
| Програма GEF SGP NG | 1,025,451 | - |

| | | |
|---|---|---|
| Истражување на можностите за енергетски решенија со ниско негативно влијание во РСМ, поддржан од TNC | 1,002,972 | - |
| Програма GLOBE преку Амбасадата на САД во Скопје | 1,033,826 | - |
| PONT-граѓанска наука во заштита на биодиверзитетот | 615,234 | - |
| Бидете безбедни и проговорете јавно | 264,078 | - |
| Активни граѓани за декарбонизација на енергетскиот сектор-(Enclude) од Horizon2020 | 1,780,887 | - |
| **Вкупно(сите):** | **37,365,637** | **15,505,069** |
| **2.Членарини** | 4,440 | - |
| **3. Донации** | | |
| Донации од членови | - | 20,932 |
| Поддршка за Екосфера | - | 3,000 |
| | - | **23,932** |
| **4. Услуги** | | |
| Хуманитарна трка | - | 15,444 |
| ЕДРМ (EDRM) соработка | - | 18,508 |
| Македонско еколошко друштво | - | 61,000 |
| БЗК Биди Зелен – соработка на прирачник за клима | 700 | 48,270 |
| Останато | 594,521 | - |
| | **595,221** | **143,222** |
| **ВКУПНО (1+2+3+4)** | **37,965,298** | **15,672,223** |

## ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ

| | Во денари<br>Завршна година Декември 31,<br>2021 | <br><br>2020 |
|---|---|---|
| **ОПЕРАТИВНИ ТРОШОЦИ** | | |
| Потрошени канцелариски материјали | 947,020 | 95,906 |
| Енергија и комунални трошоци | 21,028 | 20,204 |
| Изнајмување на деловни простории | 254,700 | 264,000 |
| Пошта, телефони, интернет | 186,164 | 99,679 |
| Банкарски трошоци | 70,930 | 78,605 |
| Интелектуални услуги | 5,648,356 | 2,916,543 |
| Донации на други субјекти (програми за регрантирање и грантови за мали огранизации) | 8,709,213 | 6,485,135 |
| Промотивни материјали | 341,182 | 556,423 |
| Членарини | 66,012 | 88,225 |
| Останати трошоци | 826,143 | 833,438 |
| **ВКУПНО** | **17,070,748** | **11,438,158** |

## ТРОШОЦИ ЗА ПЕРСОНАЛ

| | Во денари<br>Завршна година декември 31,<br>2021 | <br><br>2020 |
|---|---|---|
| Бруто плати за вработените | 8,610,923 | 6,877,876 |
| Надоместоци | 91,784 | 109,840 |
| Дневници | 96,228 | 28,833 |
| **ВКУПНО** | **8,798,935** | **7, 016, 549** |

# КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ

## ТИМОТ НА ЕКО-СВЕСТ ВО 2021

**Ана Чоловиќ Лешоска** извршна директорка, **Милена Крстева** финансиски директор, **Невена Смилеска** програмски координатор, **Давор Пехчевски** програмски координатор, **Елена Николовска** програмска координаторка, **Стојан Лешоски** координатор за грантови и ИТ поддршка, **Ангел Кузманов** проектен координатор, **Ѓорѓи Митрески,** координатор за заедници, **Ивана Трпевска** финансиски координатор, **Кирил Ефремовски** координатор за односи со јавноста, **Јасмина Саид**, проектен координатор, **Кристина Димитрова** проектен координатор, **Хелена Андонова** проектен координатор, **Наум Илиески**, локален проектен координатор.

## УПРАВЕН ОДБОР

проф. д-р Стефан Бужаровски, претседател

Членови:
**Ленче Данаиловска** член, **Жарко Конески** член

## КОНТАКТИ

Email: contact@ekosvest.com.mk / info@ekosvest.com.mk

Tel:+389 (0)2 321 7247

Facebook: https://www.facebook.com/Eko.Svest.MK/

Twitter: @Eko_svest

Instagram: @ekosvest

Центар за истражување и информирање за  животната средина Еко-свест

Тренинг центар и седиште: Св. Кирил и Методиј бр.30/1-6;

Канцеларија: ул. Никола Кљусев бр.14-2, 1000 Скопје, Северна Македонија

www.ekosvest.com.mk / www.eko.net.mk